ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 3 ДАТА 16.03.2016 ГОДИНА 34

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 3 ДАТА 16.03.2016 г.

## СОДРЖИНА

- ОДЛУКА ОД СОБРАНИЕТО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
- ПРИКАЗ НА ИЗМЕНИ НА СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРИ 2017/2018

Врз основа на член 43 став 1 точка о, од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 05.03.2016 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува измена во системот за натпреварување – првенство на Прва МФЛ, Втора МФЛ и Третите регионални лиги на Фудбалска Федерација на Македонија од натпреварувачка сезона 2017/2018.

2. Се усвојува измена во системот за натпреварување во млади категории на Фудбалска Федерација на Македонија од натпреварувачка сезона 2017/2018.

3. Се усвојува промена во бројот на екипи на Третите регионални лиги за натпреварувачка 2016/2017 година.

4. Измената на системот на натпреварување, условите, критериумите и приказот на начинот на пополнување е составен дел на оваа одлука.

5. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

6.Одлуката и шематските прикази да се објават во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Делегатите на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на ден 05.03.2016 година, го усвои предлогот на Управниот одбор на ФФМ за промена на системот за натпреварување по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 05 Март 2016 година

Деловоден бр.0201-347/1-17

**РЕДОВНО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ 2016**

# ПРИКАЗ НА ИЗМЕНИ НА СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРИ 2017/2018

Скопје, 5 Март 2016 година

# ИЗМЕНА НА СИСТЕМОТ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ , УСЛОВИ, КРИЕРИУМИ И ПРИКАЗ НА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРВАТА , ДВЕТЕ ВТОРИ И ШЕСТЕ ТРЕТИ ЛИГИ ЗА СЕЗОНАТА 2017/2018

**(ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА СЕЗОНА 2016/2017)**

Предвиден број на екипи по лиги од сезона 2017/2018

| Единствена прва МФЛ | Две втори МФЛ | Шест регионални трети лиги | |
|---|---|---|---|
| **Прва лига 10 екипи** | **Втора лига исток 10 екипи** | **Трета лига ЈУГ** | **8-14 екипи** |
| | **Втора лига запад 10 екипи** | **Трета лига ИСТОК** | **8-14 екипи** |
| | | **Трета лига ЦЕНТРАЛНА** | **8-14 екипи** |
| | | **Трета лига СЕВЕР** | **8-14 екипи** |
| | | **Трета лига ЗАПАД** | **8-14 екипи** |
| | | **Трета лига ЈУГОЗАПАД** | **8-14 екипи** |

**Нова територијална поделба од 2017/18**

**Јужен регион:**
Струмица ,Валандово, Гевгелија

**Источен регион:**
Штип, Кочани, Кратово, С.Николе, Пробиштип

**Централен регион:**
Прилеп,Велес, Кавадарци, Неготино

**Северен регион:**
Г.Баба,К.Вода, Скопје, Куманово,Липково,

**Западен регион:**
Тетово, Гостивар, Кичево

**Југозападен регион:**
Битола, Струга, Охрид, Ресен, Д.Хисар, М.Брод

## ПРВА МФЛ

*Рангирање на конечна табела* **2016/2017 Прва МФЛ**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

***ПОПОЛНУВАЊЕ 2017/18***

Екипите рангирани на 9 и 10 место испаѓаат од Прва лига

9 и 10 место се пополнува со 1во и 2ро пласираниот од единствената II МФЛ

Осмопласираниот игра бараж со третопласираниот од единствена втора МФЛ за опстанок

Натпреварите ќе се играат по четворокружен бод систем.

***ПОПОЛНУВАЊЕ ПО 2017/18***

- со првопласираните екипи од двете втори лиги
- со победникот од бараж натпреварот помеѓу осмопласираната екипа на конечната табела на прва МФЛ и победникот од бараж натпреварот помеѓу второпласираните на конечните табели на двете втори лиги.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва МФЛ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Втора Исток | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Втора Запад | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

*ИСПАЃАЊЕ ПО 2017/18*

- двете последно пласирани екипи (9 и 10 место) директно испаѓаат во втората лига каде територијално припаѓаат.

## ВТОРА МФЛ

*Рангирање на конечна табела* **2016/2017 Втора МФЛ**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

Прво и второпласираната екипа се пласираат во Прва МФЛ 2017/18
Третопласираната екипа игра бараж со осмопласираната од Прва МФЛ за едно место во Прва МФЛ
Осмопласираната игра бараж со петте прваци на петте трети лиги за опстанок
Деветто и десетто пласираната екипа испаѓаат директно од единствената Втора лига во Третата лига каде што територијално ќе припаднат во регионалната поделба со 6 Трети лиги.

## ***ПОПОЛНУВАЊЕ* 2017/18**

Во 2017/18 година **Втора лига Запад** се пополнува со екипи од:

**Трета лига Север** – ОФС Скопје, ОФС Кисела Вода, ОФС Гази Баба, ОФС Липково, ОФС Куманово ( без ОФС Кратово)
**Трета лига Запад** – ОФС Тетово, ОФС Гостивар, ОФС Кичево
**Трета лига Југозапад**- ОФС Битола, ОФС Ресен, ОФС Охрид, ОФС Струга, ОФС Д.Хисар, ОФС Македонски Брод

Во 2017/18 година **Втора лига Исток** се пополнува со екипи од:

**Трета лига Југ** - ОФС Прилеп, ОФС Велес, ОФС Кавадарци, ОФС Неготино, ОФС Валандово, ОФС Гевелија
**Трета лига Исток** - ОФС Струмица, ОФС Штип, ОФС Кочани, ОФС Пробиштип, ОФС Свети Николе (и ОФС Кратово)

**НАПОМЕНА: покрај спортскиот резултат екипите кои ќе ја пополнуваат соодветната Втора лига задолжително треба да ги исполнуваат и лиценцните критериуми за учество во Втора лига.**

**ИСКЛУЧОК:** Доколку ниедна последователна екипа на една од конечните табели на Третите лиги во сезона 2016/2017 та која аплицирала не ги исполнува лиценцните критериуми, по исклучок соодветната Втора лига ќе се пополни со осмо, односно девето или десето пласираната екипа на конечната табела на единствената Втора МФЛ во 2016/2017 година

**Пополнувањето на двете втори лиги до 20 екипи се врши со:**

- две екипи /деветто и десетто пласираната екипа од Прва лига.

- една екипа /поразената од бараж натпреварот помеѓу осмопласираниот од Прва МФЛ и и третопласираниот од единствена втора МФЛ за пополнување на Прва МФЛ

- четири екипи /екипите пласирани на конечната ранг табела во 2016/17 од 4 – 7 место ( 4,5,6 и 7мо)

- три екипи /трите победници од бараж натпреварите за пополнување на Вторите лиги помеѓу осмопласираниот и петте прваци на постоечките трети лиги земаат директно учество во една од вторите лиги во зависност од територијалната припадност.

*Останатите места до 20 екипи се условени :*

- условено пополнување со трите поразени екипи од бараж натпреварите за пополнување на Вторите лиги, во зависност од потребата за пополнување на потребениот број на екипи до 10 во соодветната Втора лига;

*доколку бројот на слободни места е помал од бројот на екипите потребен да се пополни соодветната Втора лига ,истите играат бараж за пополнување .

- пополнувањето на останатите места до 20 / по 10 во секоја Втора лига/ се врши со второпласираните односно секоја наредноплсирана екипа на конечната табела на третите лиги 2016/17 година во зависност од тоа од која трета лига се врши пополнувањето на соодветната втора лига.

* доколку бројот на слободни места е помал од бројот на екипите кои конкурираат ( пример две третопласирани за едно место) ,истите играат бараж за пополнување на соодветната втора лига.

## ***ПОПОЛНУВАЊЕ И ИСПАЃАЊЕ ОД ВТОРИТЕ ЛИГИ ПО 2017/18***

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва МФЛ конечна табела | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Втора лига Исток/Запад конечна табела | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

*сигурни пополнувања за* ***двете втори лиги***

- три/четири екипи рангирани на второ,трето, четврто и петто место на конечната табела на соодветната втора лига
- три екипи /прваците на соодветните три трети лиги

*варијабилни пополнувања за двете втори лиги*

- условно со две екипи /деветто и десетто пласираната екипа од Прва МФЛ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРИПАДНОСТ
- условно со една екипа /осмопласираната во Прва МФЛ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРИПАДНОСТ доколку го изгуби бараж натпреварот со победникот од бараж натпреварот помеѓу ВТОРОпласираните од двете втори МФЛ
- условно со втoропласираната екипа на конечната табела на соодветната Втора лига доколку го/и изгуби бараж натпреварот/ите за пласман во Прва МФЛ
- *условно со* екипите пласирани на шесто и/или седмо место доколку екипите пласирани од 8-10 место на конечната табела на Прва МФЛ не припаѓаат територијално во еден од регионите кои ја сочинуваат предметната Втора лига.

## ***ИСПАЃАЊЕ ПО 2017/18***

- трите последно пласирани екипи од двете втори лиги директно испаѓаат во третата лига каде територијално припаѓаат.
- условно екипите рангирани на шесто и седмо место во зависност од територијалната припадност на екипите пласирани од 8-10 место на конечната табела на Прва МФЛ не припаѓаат територијално во еден од регионите кои ја сочинуваат предметната Втора лига.

**ИСКЛУЧОК**: Доколку ниедна последователна екипа на една од конечните табели на Третите лиги во предметната сезона кои аплицирале за лиценца не ги исполнуваат лиценцните критериуми, по исклучок соодветната Втора лига ќе се пополни со шесто, односно седмо, осмо, девето или десето пласираната екипа на конечната табела на предметната Втора МФЛ .

**ПОПОЛНУВАЊЕ НА НОВИТЕ ШЕСТ ТРЕТИ ЛИГИ ЗА СЕЗОНА 2017/18 та :**

**2017/2018 Трети лиги ( од 8 – 14екипи)**

| ЈУЖНА Трета лига | ИСТОЧНА Трета лига | ЦЕНТРАЛНА Трета лига | СЕВЕРНА Трета лига | ЗАПАДНА Трета лига | ЈУГО-ЗАПАДНА Трета лига |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 |
| 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| 11 | 11 | 11 | 11 | 11 | 11 |
| 12 | 12 | 12 | 12 | 12 | 12 |
| 13 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 |
| 14 | 14 | 14 | 14 | 14 | 14 |

**- Јужна, Источна и Централна Трета лига се пополнуваат од постоечките Трети лиги Југ и Исток ( и ОФС Кратово)**
**- Северна, Западна и Југозападна се пополнуваат од постоечките Трети лиги Север( без ОФС Кратово), Запад и Југозапад**

**Пополнувањето за сезона 2017/18 се врши:**

- со екипите кои биле рангирани на 9 и 10 место (испаднале) на конечната табела на Втора МФЛ 2016/2017 година во зависност од територијалната припадност/ освен ако не се примени исклучокот наведен погоре/
- со екипите рангирани до 10 место на конечните табели на 5-те трети лиги во сезона 2016/2017 кои условно не ја пополниле соодветната Втора лига
- со првациte на ОФС кои гравитираат кон соодветната нова трета лига доколку нивниот број не го загрозува опстанокот на екипите кои се пласирале до 10 место , во спротивно се играат баражи помеѓу првациte на ОФС за пополнување на бројот на слободни места.
- останатите слободни места ќе се пополнуваат со второпласираните односно секоја наредноплaсирана екипа на конечната табела 2016/17 година на ОФС кои гравитираат кон новата трета лига.

## *ПОПОЛНУВАЊЕ И ИСПАЃАЊЕ ОД ТРЕТИТЕ ЛИГИ ПО 2017/18*

***ПОПОЛНУВАЊЕТО* се врши:**

- со екипите рангирани на последните три места на конечната табела на соодветната Втора МФЛ година во зависност од територијалната припадност / освен ако не се примени исклучокот наведен погоре/
- условно со екипите рангирани на шесто и седмо место на конечната табела на соодветната Втора МФЛ (во зависност од спортските резултати и територијалната припадност на екипите пласирани од 8-10 место на конечната табела на Прва МФЛ)
- условно со екипите пласирани последователно по првакот во зависност од слободните места во предметниот регионот
- со првациte на ОФС односно со победниците од бараж натпреварите помеѓу првациte на ОФС во зависност од бројот на екипи кои испаѓаат ( најмалку 2 односно 3 места во зависност од критериумот за испаѓање наведен подоле).

***ИСПАЃАЊЕ ПО 2017/18***

- двете/трите последно пласирани екипи на конечната ранг табела на соодветната трета лига каде територијално припаѓаат во зависност од бројот на екипи на третата лига:
  - во трета лига која брои од 8- 12 екипи испаѓаат двете последно пласирани екипи на конечната ранг табела.
  - во трета лига која брои од 13-16 екипи испаѓаат трите последно пласирани екипи на конечната ранг табела.

- условно со две екипи рангирани на двете места кои претходат на последните две/три места на конечната табела во зависност од пополнувањето на соодветната втора лига.

## <u>ПРОМЕНА НА НАЧИНОТ НА ОДИГРУВАЊЕ ВО ЧЕТВРТИОТ КРУГ НА ПРВА МФЛ ЗА ПРЕОДНАТА НАТПРЕВАРУВАЧКА 2016/17 ГОДИНА</u>

Натпреварувањето во 2016/17 година за екипите од Прва МФЛ да се организира по четворокружен бод систем без поделба во групи во четвртиот круг (play off и play out ) од натпреварувањето.

## <u>ПРОМЕНА НА БРОЈ НА ЕКИПИ ВО ТРЕТИТЕ ЛИГИ ЗА ПРЕОДНАТА НАТПРЕВАРУВАЧКА 2016/17 ГОДИНА</u>

Петте трети лиги во натпреварувачката 2016/17 година во подготовка за новиот систем за натпревари можат да го зголемат бројот на екипите во третите лиги од 12-16 екипи во зависност од одлуката на Управниот одбор на соодветната Трета лига.

Бројот на екипи се пополнува редоследно согласно пласманот на првацитe на конечните табели 2015/16 година во Општинските фудбалски лиги на ОФС кои ја сочинуваат соодветната трета лига.

Во оние Трети лиги кои имаат повеќе прваци на ОФС од слободни места се организираат бараж натпревари за пополнување на бројот до 16 согласно одлуката на предметниот Управен одбор.

# ПРВЕНСТВО ВО МЛАДИ КАТЕГОРИИ на ФФМ

**ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ ВО СЕЗОНАТА 2017/2018**
**ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА СЕЗОНА 2016/2017**

**Степени**

**I степен** - Прва лига(супер) со 10 екипи
**II степен** - Втора лига (единствена) до 10 екипи
**III степен** – Седум регионални лиги (од 6-12 екипи) по категорија *

*Уреденоста на регионалните лиги во млади категории не ја следи нужно регионалната поставеност во структурата на ФФМ, отстапувањата се со цел остварување и зачувување на континуитетот на тренажниот процес и натпревар во натпреварувањето во детски фудбал и натпреварувањето во млади категории.

**Категории од 12 – 19 години**

1.Младинци
2.Кадети
3.Пионери
4.Помлади пионери




- **Прва регионална лига** која ги опфаќа ОФС Г.Баба,ОФС К.Вода, ОФС Скопје ,ОФС Куманово , ОФС Липково
- **Втора регионална лига** која ги опфаќа ОФС Кратово ,ОФС Кочани и ОФС Пробиштип
- **Трета регионална лига** која ги опфаќа ОФС Струмица, ОФС Валандово и ОФС Гевгелија
- **Четврта регионална лига** која ги опфаќа ОФС Велес ,ОФС Свети Николе, ОФС Штип, ОФС Неготино и ОФС Кавадарци
- **Петта регионална лига** која ги опфаќа ОФС Битола, ОФС Прилеп, ОФС Ресен, ОФС Демир Хисар и ОФС Македонски Брод.
- **Шеста регионална лига** која ги опфаќа ОФС Тетово, ОФС Гостивар и ОФС Кичево
- **Седма регионална лига** која ги опфаќа ОФС Струга, ОФС Охрид

## УСЛОВИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Прв и Втор степен**

**Услов** да може еден клуб да земе учество во натпреварување во млади категории во Прв и Втор степен

- *е да има сениорска екипа* во било кој степен на натпреварување ( општинска,трета, втора, прва лига)
- *и да има 4 (четири) екипи* со кои ќе учествува во првите четири категории на натпреварување.

забелешка: доколку бројот на заинтересирани клубови е поголем или помал од бројот на слободни места во Вториот степен, УО со одлука може да го зголеми/намали бројот на учесници (не помалку од 6)

**Трет степен**

**Услов** за учество во натпреварување во млади категории во **Трет степен (Регионална лига)**:

- доколку клубот со сениорската екипа се натпреварува во Прва МФЛ а по рангирање на конечната табела(во млади категории) испадне од Прва односно Втора лига ,клубот задолжително зема учество најмалку со определениот број на екипи со Правилникот за лиценцирање (4) во првите четири категории.

- доколку клубот со сениорската екипа се натпреварува во Втора МФЛ ,клубот задолжително зема учество најмалку со определениот број на екипи со Правилникот за лиценцирање (2) во категорија младинци и кадети.

- доколку клубот со сениорската екипа учествува во Трета или Четврта лига или нема сениорска екипа( детска лига),клубот може да учествува и со една екипа по свој избор во една од четирите категориите и тоа: младинци,кадети, пионери, помлади пионери *.

* забелешка: натпреварувањето се организира доколку се пријават најмалку 6 клуба во предметната сезона за учество во соодветната категорија во соодветниот регион.

## НАЧИН НА ОДИГРУВАЊЕ И ПОПОЛНУВАЊЕ

Во Првиот и Вториот степен на натпреварување се утврдуваат поединечни табели по категорија. Првците се екипите со најголем број освоени бодови по категории.
Конечната табела (во двата степена) се добива на следниот начин: се собираат бодовите освоени во поединечните табели по категории . Во зависност од вкупниот број на освоени бодови од сите категории , екипите на клубовите во прва (супер)лига испаѓаат а клубовите од втора лига испаѓаат односно влегуваат во повисокиот степен.

### Пополнување на Прва (супер) лига

*рангирањето на конечна табела* **2016/2017 Прва лига(супер)**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |

Клубовите рангирани на 11 и 12 место на конечна табела 2016/2017 испаѓаат од Првата лига во единствената Втора лига во млади категории.
Клубовите рангирани на 9 и 10 место на конечна табела 2016/2017 на Првата супер лига играат бараж натпревари со прво и второ пласираниот клуб на конечната табела на Втората лига за пополнување на две места во Првата лига.

По завршување на сезоната 2017/18
Клубовите рангирани на 9 и 10 место на конечна табела 2017/2018 на Првата супер лига испаѓаат во единствената Втора лига во млади категории.
Деветто и десетто место се пополнуваат со прво и второпласираниот клуб на конечна табела 2017/2018 од Втората лига

## Пополнување на Втора лига 2017/18

*рангирањето на конечна табела **2016/2017 Втора лига***

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |

Втората лига ја пополнуваат:

- Клубовите рангирани на 11 и 12 место на конечна табела 2016/2017 во Првата лига;
- Клубовите кои по одигрување на бараж натпреварите за пополнување на Првата лига не се пласирале во Првата лига;
- Со клубови рангирани на конечната табела на Втората лига за сезоната 2016/2017 од трето до десетто место;
- Со клубови кои со сениорската екипа ги исполниле условите да се натпреваруваат во Втора МФЛ (Исток/запад) доколку има слободни места.

Предност во пополнување на Вториот степен (Втората лига во млади категории) за сезоната 2017/18 , имаат клубовите кои на конечната ранг табела за натпреварувачката 2016/17 се пласирале до 10 место.

- Екипите на двата последно пласирани клуба во сезоната 2016/17 ( 11то и 12то пласираниот) од Втората лига на конечната табела испаѓаат од лигата и се распоредуваат во соодветниот регион.

- Доколку победниците (првачите) од соодветната категорија во Третиот степен (сезона 2016/17) ги исполнуваат административно-техничките и спортските критериуми( формираат 4 екипи) за учество во Втората лига во млади категории се организираат бараж натпревари за пополнување на евентуален број на слободни места.

### По завршување на сезоната 2017/18

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

Првите два рангирани клуба се пласираат за учество во Првата лига

Последните два пласирани клуба испаѓаат од Втората лига и продолжуваат со натпреварувањето во соодветниот регион;

* исклучок: клубовите редоследно останувaат доколку нема доволно заинтересирани или квалификувани клубови од организираните натпреварувања во третиот степен по регионите.

## <u>Пополнување на Регионални лиги(7) 2017/18</u>

Бројот на екипи по категорија кои се натпреваруваат во Третиот степен не може да изнесува помалку од 6 и повеќе од 12 во определена категорија.

Доколку во предметниот регион во определена категорија нема доволен број на учесници (помалку од 6) истата не се организира , пријавените екипи кои имаат обврска да се натпреваруваат( со сениорска прволигашка или второлигашка екипа) или по упатено барање на заинтересиран клуб ,се приклучуваат за учество во територијално најблискиот регион.

Доколку во предметниот регион во определена категорија има повеќе од 12 учесници, натпреварувањето во таа категорија може да се одвива во групи (не помали од 6 учесника)

Натпреварувањето се одвива <u>поединечно во секоја категорија</u>, клубовите учествуваат во категорија по свој избор, со исклучок на клубовите кои со своите сениорски екипи се натпреваруваат во Прва и Втора МФЛ.

<u>Третиот степен се пополнува по категории</u> со:

- екипите кои ги завземале последните две места на конечната табела на Втората лига во млади категории освен ако не се примени исклучокот наведен погоре;

- екипите кои се натпреварувале во една од регионалите лиги во соодветната категорија во натпреварувачката сезона 2016/17 та;

- клубовите кои со сениорската екипа се натпреваруваат во Прва или Втора МФЛ (Исток/запад) а на конечната табела не ги исполниле условите да останат во лигата;

*поради исполнување на критериумите од Правилникот за лиценцирање имаат предност при пополнување во третиот степен

- клубовите кои со сениорската екипа учествуваат во Трета или Четврта лига или немаат сениорска екипа( клубови од детска лига), а пријавиле учество во најмалку една од четирите категории и тоа: младинци, кадети, пионери, помлади пионери .

**По завршување на сезоната 2017/18**

**Со право за пласман во повисок степен (втора лига)** се стекнуваат клубовите доколку ја пријават својата заинтересираност до 31.03 во тековната година и ги исполнат условите наведени подоле.

За најмалку две а најмногу 4 слободни места (до десет) во Втората лига можат да се квалификуваат :

- оние клубови чии екипи во тековната година се натпреварувале во Третиот степен, ги исполнуваат административно-техничките и спортските критериуми ( формирале екипи во четири категории и доставиле доказ за регистрирани фудбалери од кои формирале екипи во четири категории согласно пропозициите за натпреварување со кои можат да се вклучат во натпреварувањето во Втор степен) ;

- оние клубови чии екипи освоиле прво место на конечната табела во соодветната регионална лига во една од натпреварувачките категории;

**предност имаат клубовите кои освоиле прво место на конечната табела во повеќе од една категорија.*

- оние клубови чии екипи успешно ги завршиле евентуално организираните бараж натпревари со соодветните екипи од други регионални лиги

** бројот на бараж натпреварите зависи од бројот на заинтересирани пријавени клубови по регионални лиги до 31.03. во тековната година( под услов да освојат едно прво место)*
** во бараж натпреварите клубовите учествуваат со екипа во една категорија ( категоријата се утврдува со ждреб) доколку е применливо, односно имаат екипи во иста категорија.*
*доколку не е применливо и нема услови за одигрување на бараж натпревари а бројот на квалификувани клубови е поголем од бројот на слободни места, предност за влез има клубот со повозрасната екипа.*
*пр: во еден регион еден заинтересиран клуб освоил прво место со младинска екипа , во друг регион со кадетска , во трет со пионерска итн, предност за влез има клубот со повозрасната екипа*

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА